СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 97 **9 април 2020, четврток** **година LXXVI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
1424.	**Уредба** со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба.....	**2**
1425.	**Уредба** со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година.....	**2**
1426.	**Уредба** со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба.....	**2**
1427.	**Уредба** со законска сила за определување на висината на платата на избраните, именуваните и назначените лица во јавниот сектор за време на вонредна состојба.....	**3**
1428.	**Уредба** со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба	**3**
1429.	**Уредба** со законска сила за примена на Законот за акредитација за време на вонредна состојба.....	**4**
1430.	**Уредба** со законска сила за примена на Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за време на вонредна состојба.....	**4**
1431.	**Одлука** за укинување на увозната давачка - царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени	**5**
1432.	**Одлука** за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите	**7**
	Огласен дел	**1-8**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1424.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 април 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А

СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 72/20 и 76/20), во членот 3-з, по зборовите „со законска сила“ се додаваат зборовите „и за припадниците на Армијата на Република Северна Македонија коишто ги обезбедуваат затворите“.

Член 2

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2449/2
9 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1425.

Врз основа на членот 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 април 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А

СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ ОД ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ПОГОДЕНИ ОД ЗДРАВСТВЕНО-ЕКОНОМСКАТА КРИЗА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ COVID-19, ЗАРАДИ ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ЗА МЕСЕЦИТЕ АПРИЛ И МАЈ 2020 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 93/20), во член 4, во ставот 1., во точката в), по зборот „невработеност“ се додаваат зборовите: „(за мерките од проектот „Македонија вработува“)“.

Во ставот 2., алинејата 1 се брише.

Член 2

Во член 6, во став 2., зборот „четири“, се заменува со зборот „два“, а зборот „септември“, се заменува со зборот „јули“.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2785/2
9 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1426.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 април 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А

СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ИСПЛАТА НА ДОДАТОЦИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Во Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 94/20), во членот 3, по зборовите „Министерството за одбрана“, се става запирка и се додаваат зборовите: „затворската полиција“.

Член 2

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2865/2
9 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1427.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 април 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ПЛАТАТА НА ИЗБРАНИТЕ, ИМЕНУВАНИТЕ И НАЗНАЧЕНИТЕ ЛИЦА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Со оваа уредба со законска сила се уредува висината на платата на избраните, именуваните и назначените лица во јавниот сектор за време на траење на вонредната состојба.

Член 2

Одредбите од оваа уредба со законска сила се однесуваат на избраните и именуваните лица во јавниот сектор, и тоа на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија, Претседателот на Република Северна Македонија, функционерите кои ги именува Претседателот на Република Северна Македонија, претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, функционерите и лицата кои ги избира или именува Собранието на Република Северна Македонија, претседателот на Владата на Република Северна Македонија и избраните и именуваните лица од Владата на Република Северна Македонија, градоначалниците и лицата кои остваруваат право на плата по престанувањето на функцијата, согласно Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, именувани лица од Владата на Република Северна Македонија кои остваруваат право на плата согласно Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија, претседател и членови, односно лице кое раководи со регулаторно тело, лицата кои раководат со институциите кои вршат дејности од областа на образованието, културата, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, и во институциите кои вршат работи од јавен интерес утврден со закон, а се организирани како агенции, фондови, правни лица на кои им е доверено вршење на јавно овластување, јавни установи, јавните претпријатија основани од Република Северна Македонија или од општините, од градот Скопје и од општините во градот Скопје и акционерските друштва во целосна сопственост на државата.

Одредбите од оваа уредба со законска сила се однесуваат и на назначените државни секретари, генерални секретари, секретарот на Градот Скопје и секретарите на општините, кои остваруваат право на плата согласно Законот за административни службеници.

Одредбите од оваа уредба со законска сила се однесуваат и на избраните судии кои остваруваат право на плата согласно Законот за платите на судиите и на избраните јавни обвинители кои остваруваат право на плата согласно Законот за платите на јавните обвинители.

Член 3

На избраните, именуваните и назначените лица од членот 2 од оваа уредба со законска сила, за месеците април и мај 2020 година им се исплатува плата во висина на минимална плата утврдена за месец декември 2019 година во Република Северна Македонија, во износ од 14.500 денари.

Член 4

Одредбите од оваа уредба со законска сила не се однесуваат на избраните и именуваните лица во јавните здравствени установи.

Член 5

Ова уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2867/1
7 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1428.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 април 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 95/20), во член 2, во ставот 3, по зборовите: „царинските службеници”, се додаваат зборовите: “, затворската полиција”.

Член 2

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-2876/2
9 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1429.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 април 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за акредитација („Службен весник на Република Македонија" бр. 120/09, 53/11, 41/15, 53/16 и 83/18), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За доставување на извештајот за реализираната програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2019 година, како и извештај за работата на Советот за 2019 година и извештај на Одборот за надзор на материјално-финансиска контрола за 2019 година, важноста на сертификатите за акредитација, постапките за акредитација, ре-акредитација и надзорот за исполнување на барањата за акредитцијa над телата за оцена на сообразност, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Роковите за доставување на извештајот за реализираната програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2019 година, како и извештајот за работата на Советот за 2019 година и извештајот на Одборот за надзор на материјално-финансиска контрола за 2019 година, се одложуваат за време на траење на вонредната состојба.

Член 3

Важноста на сертификатите за акредитација чиј рок е истечен или ќе истече за време на траење на вонредната состојба и на сертификатите за акредитација чиј рок ќе истече во период од четири месеци по престанокот на траење на вонредната состојба, се продолжува до завршување на постапката за ре-акредитација од првото наредно оценување.

Тела за оцена на сообразност чиј сертификат за акредитација истекол или ќе истече за време на траење на вонредната состојба се должни да иницираат постапка за ре-акредитација во рок од 30 дена по престанок на траење на вонредната состојба.

Член 4

Надзорите над исполнување на барањата за акредитација и постапките за ре-акредитација кои требало или треба да се реализираат за време на траење на вонредната состојба се одложуваат за време на траење на вонредната состојба и ќе се реализираат по престанок на траење на вонредната состојба.

Член 5

За време на траење на вонредната состојба може да се завршат постапките за акредитација, ре-акредитација и надзорните оценувања чии оценувања се реализирани и со оцена на потребните документи.

Член 6

Телата за оцена на сообразност за време на траење на вонредната состојба можат да доставаат барање и пријава за акредитација и други документи во врска со постапките за акредитација по електронски пат.

Член 7

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-2959/1
9 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1430.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14 ,196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 9 април 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А

СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ број 72/07, 5/09, 43/14, 193/15, 39/16 и 164/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 190/19), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За роковите за одлучување на барањата за одобрување на финансиска поддршка и исплата на финансиска поддршка, за склучување на договори за финансиска поддршка, намалување на финансиска поддршка поради неисполнување на договорни обврски од договорите за финансиска поддршка, за дополнување или дообјаснување на барањата за финансиска поддршка, за извршувањето на контроли на лице место пред истекот на договорите за финансиска поддршка, за роковите определени во договорите за финансиска поддршка како и за распишаните јавни повици за доставување на барања за финансиска поддршка по ИПАРД Програмата 2014-2020, за време на траењето на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Роковите определени согласно Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за одлучување по барањата за одобрување на финансиска поддршка и исплата на финансиска поддршка, за склучување на договори за финансиска поддршка, намалување на финансиска поддршка поради неисполнување на договорни обврски од договорите за финансиска поддршка, за дополнување или дообјаснување на барањата за финансиска поддршка, за роковите за реализација на инвестициите предмет на договорите за финансиска поддршка, извршувањето на контроли на лице место на договорите за финансиска поддршка кои истекуваат или ќе истечат за време на траењето на вонредната состојба се одложуваат, и се продолжуваат за 60 дена по престанокот на траењето на вонредната состојба.

Член 3

Роковите определени во договорите за финансиска поддршка за реализација на инвестицијата предмет на договорот престануваат да течат за време на траењето на вонредната состојба и продолжуваат да течат по истекот на траењето на вонредната состојба но само за онолку денови колку што престанале и тоа од денот на истекот на траењето на вонредната состојба.

Член 4

Роковите за доставување на барања за финансиска поддршка определени во јавниот повик за доставување на барања за финансиска поддршка по ИПАРД Програмата 2014-2020 се одложуваат за време на траењето на вонредната состојба и продолжуваат да течат по престанок на траењето на вонредната состојба.

Член 5

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3004/1	Претседател на Владата
9 април 2020 година	на Република Северна Македонија,
Скопје	**Оливер Спасовски,** с.р.

1431.

Врз основа на член 19 став (7) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 144/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 април 2020 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УКИНУВАЊЕ НА УВОЗНАТА ДАВАЧКА - ЦАРИНСКАТА СТАПКА ЗА ЗАМРЗНАТО СВИНСКО МЕСО И СВИНСКО САЛО ИСЧИСТЕНО ОД МЕСО И ЖИВИНСКО САЛО, НЕИСТОПЕНИ ИЛИ ПОИНАКУ ИЗДВОЕНИ, СВЕЖИ, РАЗЛАДЕНИ, ЗАМРЗНАТИ, СОЛЕНИ, ВО САЛАМУРА, СУШЕНИ ИЛИ ЧАДЕНИ

Член 1

Со оваа одлука се пропишува мерка за укинување на увозните давачки-царинската стапка при увоз на следните стоки во следните количини:

Тарифна ознака	Наименование	Количина (во кгр.)
0203	Месо свинско	
	-Замрзнато:	
0203 22	--Бутови (шунки), плешки и парчиња од нив, со коски:	
	---Од домашни свињи:	
0203 22 11 00	----Бутови (шунки) и парчиња од нив	6.000
0203 29	--Друго:	
0203 29 13 00	----Грб и парчиња од него, со коски	88.000
0203 29 15 00	----Гради со потрбушина (потрбушина) и парчиња од нив	846.000
	----Друго:	
0203 29 55 00	-----Без коски	5.068.000
0209	Свинско сало, исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени:	
0209 10	-Од свињи:	
	--Поткожно свинско сало:	
0209 10 11 00	---Свежо, разладено, замрзнато, солено или во саламура	310.000

Стоките од ставот 1 на овој член, корисниците-регистрирани производители на преработки од месо ќе ги увезуваат без плаќање царина во рамки на утврдените количини, од став 1 на овој член во висина од 1/4 од вкупно употребените суровини во производството, фактурираната и наплатена количина на готови производи во кои како суровина се користени стоките од став 1 на овој член во претходната година.

Член 2

За остварување на правото од член 1 на оваа одлука кон царинската декларација се поднесува:

- Решение од Централен регистар на Република Северна Македонија од кое може да се види дека корисникот е регистриран производител на преработки од месо и

- Мислење од Стопанската комора на Македонија за исполнување на економскиот услов остварено производство, фактурирана и наплатена количина на готови производи во кои како суровина се користени стоките од член 1 став 1 на оваа одлука во претходната година.

Член 3

Стоката од член 1 на оваа одлука која е ставена во слободен промет останува под царински надзор. Царинскиот надзор престанува кога престануваат условите поради кои стоката е ставена во слободен промет со намалување на увозните давачки односно со ослободување од царинските давачки, кога стоката се извезува или уништува, кога стоката е употребена за други цели кои не се пропишани во оваа одлука и кога царинските давачки се платени.

Царинската управа на Република Северна Македонија на крајот на секој месец доставува извештај до Министерството за финансии и Министерството за економија за спроведување на мерката согласно членот 1 од оваа одлука.

Член 4

Стопанската комора на Македонија доставува податоци до Министерството за економија и Министерството за финансии за издадени мислења согласно член 2 алинеја 2 од оваа одлука.

Член 5

Стоките од член 1 од оваа одлука се увезуваат до завршувањето на траењето на вонредната состојба на територија на Република Северна Македонија.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за укинување на увозната давачка- царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255 /19).

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2404/1
7 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1432.

Врз основа на членот 4 од Уредбата со законска сила за примена на Законот за буџетите за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.79/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 април 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕРАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА МЕЃУ БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ НА ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ И МЕЃУ ФОНДОВИТЕ

Член 1

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во посебниот дел во првата потколона од колоната Расходи на Основен буџет, се врши прераспределба на средства во износ од 6.542.000.000 денари дадена во Прилог, која е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 44-2866/1
9 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

ПРИЛОГ

							Опис	Намалување
								6,542,000,000
01001	**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**							**5,350,000**
	20	**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РСМ**						**5,350,000**
			40	**Плати и надоместоци**				**550,000**
					401		Основни плати	366,000
					402		Придонеси за социјално осигурување	184,000
			42	**Стоки и услуги**				**4,500,000**
					420		Патни и дневни расходи	2,000,000
					425		Договорни услуги	500,000
					426		Други тековни расходи	2,000,000
			48	**Капитални расходи**				**300,000**
					483		Купување на мебел	300,000
01002	**АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ**							**5,468,000**
	10	**АДМИНИСТРАЦИЈА**						**758,000**
			40	**Плати и надоместоци**				**258,000**
					401		Основни плати	172,000
					402		Придонеси за социјално осигурување	86,000
			42	**Стоки и услуги**				**500,000**
					426		Други тековни расходи	500,000
	20	**РАЗУЗНАВАЊЕ**						**4,710,000**
			40	**Плати и надоместоци**				**1,210,000**
					401		Основни плати	806,000
					402		Придонеси за социјално осигурување	404,000
			48	**Капитални расходи**				**3,500,000**
					480		Купување на опрема и машини	2,000,000
					482		Други градежни објекти	1,500,000
02001	**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**							**77,832,000**
	20	**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**						**49,603,000**
			40	**Плати и надоместоци**				**20,603,000**
					401		Основни плати	13,728,000
					402		Придонеси за социјално осигурување	6,875,000
			42	**Стоки и услуги**				**25,000,000**
					420		Патни и дневни расходи	15,000,000
					423		Материјали и ситен инвентар	2,000,000
					424		Поправки и тековно одржување	1,000,000
					425		Договорни услуги	3,000,000
					426		Други тековни расходи	2,000,000
					427		Привремени вработувања	2,000,000
			48	**Капитални расходи**				**4,000,000**
					480		Купување на опрема и машини	1,000,000
					485		Вложувања и нефинансиски средства	3,000,000
	21	**КОНТАКТИ СО ГРАЃАНИ**						**2,000,000**
			42	**Стоки и услуги**				**2,000,000**
					425		Договорни услуги	1,000,000
					426		Други тековни расходи	1,000,000
	23	**СОБРАНИСКИ КАНАЛ**						**21,079,000**
			42	**Стоки и услуги**				**1,000,000**
					424		Поправки и тековно одржување	1,000,000
			48	**Капитални расходи**				**20,079,000**
					480		Купување на опрема и машини	20,079,000
	26	**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**						**2,500,000**
			42	**Стоки и услуги**				**1,500,000**
					420		Патни и дневни расходи	500,000
					425		Договорни услуги	500,000
					426		Други тековни расходи	500,000
			48	**Капитални расходи**				**1,000,000**
					480		Купување на опрема и машини	1,000,000
	27	**СОВЕТ ЗА ГРАЃАНСКИ НАДЗОР**						**2,650,000**

1

							Опис	Намалување
				42			**Стоки и услуги**	**2,150,000**
						420	Патни и дневни расходи	500,000
						425	Договорни услуги	1,650,000
				48			**Капитални расходи**	**500,000**
						485	Вложувања и нефинансиски средства	500,000
02002	ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА							2,372,000
		20	ДРЖАВНА РЕВИЗИЈА					**2,372,000**
				40			**Плати и надоместоци**	**372,000**
						401	Основни плати	248,000
						402	Придонеси за социјално осигурување	124,000
				42			**Стоки и услуги**	**1,500,000**
						420	Патни и дневни расходи	1,500,000
				48			**Капитални расходи**	**500,000**
						480	Купување на опрема и машини	500,000
02003	ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА							3,621,000
		20	СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ					**3,621,000**
				40			**Плати и надоместоци**	**1,221,000**
						401	Основни плати	814,000
						402	Придонеси за социјално осигурување	407,000
				42			**Стоки и услуги**	**2,000,000**
						420	Патни и дневни расходи	500,000
						425	Договорни услуги	500,000
						426	Други тековни расходи	1,000,000
				48			**Капитални расходи**	**400,000**
						480	Купување на опрема и машини	200,000
						482	Други градежни објекти	200,000
02004	ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА							3,038,000
		20	ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА					**3,038,000**
				40			**Плати и надоместоци**	**1,088,000**
						401	Основни плати	725,000
						402	Придонеси за социјално осигурување	363,000
				42			**Стоки и услуги**	**950,000**
						420	Патни и дневни расходи	300,000
						425	Договорни услуги	200,000
						426	Други тековни расходи	300,000
						427	Привремени вработувања	150,000
				48			**Капитални расходи**	**1,000,000**
						486	Купување на возила	1,000,000
02005	КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈА							1,005,000
		20	ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА					**1,005,000**
				40			**Плати и надоместоци**	**705,000**
						401	Основни плати	470,000
						402	Придонеси за социјално осигурување	235,000
				42			**Стоки и услуги**	**300,000**
						420	Патни и дневни расходи	200,000
						425	Договорни услуги	100,000
02006	ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ							246,000
		20	ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ					**246,000**
				40			**Плати и надоместоци**	**246,000**
						401	Основни плати	161,000
						402	Придонеси за социјално осигурување	85,000
02007	ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ							906,000
		20	РЕШАВАЊЕ ПО ЖАЛБИ ВО ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ					**906,000**
				40			**Плати и надоместоци**	**806,000**
						401	Основни плати	537,000
						402	Придонеси за социјално осигурување	269,000
				48			**Капитални расходи**	**100,000**
						483	Купување на мебел	100,000
02009	РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ							552,000

						Опис	Намалување
	20					**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ**	**552,000**
		40				**Плати и надоместоци**	**552,000**
					401	Основни плати	368,000
					402	Придонеси за социјално осигурување	184,000
02010	**СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА**						**121,000**
	20					**СОВЕТ ЗА РЕВИЗИЈА**	**121,000**
		40				**Плати и надоместоци**	**121,000**
					401	Основни плати	81,000
					402	Придонеси за социјално осигурување	40,000
02011	**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**						**9,700,000**
	20					**ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**	**9,700,000**
		40				**Плати и надоместоци**	**7,000,000**
					401	Основни плати	5,335,000
					402	Придонеси за социјално осигурување	1,665,000
		42				**Стоки и услуги**	**1,100,000**
					420	Патни и дневни расходи	200,000
					421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	400,000
					423	Материјали и ситен инвентар	150,000
					424	Поправки и тековно одржување	100,000
					425	Договорни услуги	150,000
					426	Други тековни расходи	100,000
		48				**Капитални расходи**	**1,600,000**
					480	Купување на опрема и машини	300,000
					482	Други градежни објекти	250,000
					483	Купување на мебел	150,000
					485	Вложувања и нефинансиски средства	300,000
					486	Купување на возила	600,000
02012	**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН**						**1,631,000**
	10					**АДМИНИСТРАЦИЈА**	**1,631,000**
		40				**Плати и надоместоци**	**1,531,000**
					401	Основни плати	1,020,000
					402	Придонеси за социјално осигурување	511,000
		42				**Стоки и услуги**	**100,000**
					420	Патни и дневни расходи	50,000
					425	Договорни услуги	50,000
02013	**РЕВИЗОРСКО ТЕЛО ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ**						**765,000**
	20					**РЕВИЗОРСКО ТЕЛО ЗА РЕВИЗИЈА НА ИПА**	**765,000**
		40				**Плати и надоместоци**	**315,000**
					401	Основни плати	210,000
					402	Придонеси за социјално осигурување	105,000
		42				**Стоки и услуги**	**300,000**
					420	Патни и дневни расходи	300,000
		48				**Капитални расходи**	**150,000**
					480	Купување на опрема и машини	100,000
					483	Купување на мебел	50,000
02014	**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ВТОР СТЕПЕН ВО ОБЛАСТА НА ИСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА**						**1,223,000**
	10					**АДМИНИСТРАЦИЈА**	**1,223,000**
		40				**Плати и надоместоци**	**1,073,000**
					401	Основни плати	715,000
					402	Придонеси за социјално осигурување	358,000
		42				**Стоки и услуги**	**50,000**
					420	Патни и дневни расходи	50,000
		48				**Капитални расходи**	**100,000**
					480	Купување на опрема и машини	50,000
					483	Купување на мебел	50,000
02015	**ОПЕРАТИВНО - ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА**						**50,250,000**

						Опис	Намалување
	20					**ОПЕРАТИВНО - ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА**	**50,250,000**
		40				**Плати и надоместоци**	**300,000**
					401	Основни плати	200,000
					402	Придонеси за социјално осигурување	100,000
		42				**Стоки и услуги**	**5,000,000**
					424	Поправки и тековно одржување	5,000,000
		48				**Капитални расходи**	**44,950,000**
					485	Вложувања и нефинансиски средства	44,950,000
03001	**УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**						**3,100,000**
	20					**УСТАВЕН СУД**	**3,100,000**
		40				**Плати и надоместоци**	**1,700,000**
					401	Основни плати	1,133,000
					402	Придонеси за социјално осигурување	567,000
		42				**Стоки и услуги**	**1,400,000**
					420	Патни и дневни расходи	500,000
					423	Материјали и ситен инвентар	200,000
					424	Поправки и тековно одржување	100,000
					425	Договорни услуги	300,000
					426	Други тековни расходи	300,000
04001	**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**						**840,125,000**
	10					**АДМИНИСТРАЦИЈА**	**85,735,000**
		40				**Плати и надоместоци**	**10,735,000**
					401	Основни плати	7,153,000
					402	Придонеси за социјално осигурување	3,582,000
		42				**Стоки и услуги**	**4,000,000**
					426	Други тековни расходи	3,000,000
					427	Привремени вработувања	1,000,000
		46				**Субвенции и трансфери**	**17,000,000**
					463	Трансфери до невладини организации	12,000,000
					464	Разни трансфери	5,000,000
		48				**Капитални расходи**	**54,000,000**
					480	Купување на опрема и машини	1,500,000
					482	Други градежни објекти	500,000
					483	Купување на мебел	2,000,000
					488	Капитални дотации до ЕЛС	50,000,000
	12					**КОМИТЕТ ЗА ИСТРАГА НА ВОЗДУХОПЛОВНИ НЕСРЕЌИ И СЕРИОЗНИ ИНЦИДЕНТИ**	**2,390,000**
		40				**Плати и надоместоци**	**420,000**
					401	Основни плати	282,000
					402	Придонеси за социјално осигурување	138,000
		42				**Стоки и услуги**	**1,500,000**
					425	Договорни услуги	1,500,000
		48				**Капитални расходи**	**470,000**
					480	Купување на опрема и машини	470,000
	13					**ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ**	**18,740,000**
		40				**Плати и надоместоци**	**140,000**
					401	Основни плати	94,000
					402	Придонеси за социјално осигурување	46,000
		42				**Стоки и услуги**	**18,300,000**
					420	Патни и дневни расходи	2,500,000
					421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	500,000
					425	Договорни услуги	15,000,000
					426	Други тековни расходи	300,000
		48				**Капитални расходи**	**300,000**
					483	Купување на мебел	300,000
	14					**ИСЕЛЕНИШТВО**	**6,000,000**
		46				**Субвенции и трансфери**	**6,000,000**
					464	Разни трансфери	6,000,000
	16					**ПОДДРШКА ЗА ПЕЧАТЕЊЕ И ДИСТРИБУЦИЈА НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ**	**50,000,000**
		42				**Стоки и услуги**	**50,000,000**

							Опис	Намалување
						425	Договорни услуги	50,000,000
		17					**КОМИТЕТ ЗА ВОДЕЊЕ НА СЕРИОЗНИ НЕСРЕЌИ И ИНЦИДЕНТИ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ**	**260,000**
			42				**Стоки и услуги**	**100,000**
						420	Патни и дневни расходи	100,000
			48				**Капитални расходи**	**160,000**
						480	Купување на опрема и машини	100,000
						483	Купување на мебел	60,000
		30					**ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА НА ВЛАДАТА**	**257,000,000**
			42				**Стоки и услуги**	**2,000,000**
						425	Договорни услуги	2,000,000
			48				**Капитални расходи**	**255,000,000**
						480	Купување на опрема и машини	5,000,000
						485	Вложувања и нефинансиски средства	250,000,000
		Д4					**ЕКОНОМСКА ПРОМОЦИЈА**	**4,000,000**
			42				**Стоки и услуги**	**4,000,000**
						420	Патни и дневни расходи	4,000,000
		Д7					**УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИТЕ АКТИВНОСТИ**	**50,000,000**
			42				**Стоки и услуги**	**50,000,000**
						425	Договорни услуги	50,000,000
		Д8					**УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА КОНКУРЕНТНОСТ ВО ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ**	**45,000,000**
			48				**Капитални расходи**	**45,000,000**
						482	Други градежни објекти	45,000,000
		Д9					**ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ**	**320,000,000**
			46				**Субвенции и трансфери**	**320,000,000**
						464	Разни трансфери	320,000,000
		К6					**РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА**	**1,000,000**
			42				**Стоки и услуги**	**1,000,000**
						425	Договорни услуги	1,000,000
04002	**СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РСМ**							**208,345,000**
		10					**АДМИНИСТРАЦИЈА**	**8,845,000**
			40				**Плати и надоместоци**	**245,000**
						401	Основни плати	163,000
						402	Придонеси за социјално осигурување	82,000
			42				**Стоки и услуги**	**3,000,000**
						425	Договорни услуги	1,500,000
						426	Други тековни расходи	500,000
						427	Привремени вработувања	1,000,000
			46				**Субвенции и трансфери**	**4,600,000**
						461	Субвенции за јавни претпријатија	4,600,000
			48				**Капитални расходи**	**1,000,000**
						485	Вложувања и нефинансиски средства	1,000,000
		11					**ТРАНСПОРТ**	**5,000,000**
			42				**Стоки и услуги**	**5,000,000**
						420	Патни и дневни расходи	500,000
						424	Поправки и тековно одржување	1,500,000
						425	Договорни услуги	3,000,000
		1А					**РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЗГРАДИ НА ВЛАДИНИ ОРГАНИ**	**14,000,000**
			48				**Капитални расходи**	**14,000,000**
						481	Градежни објекти	14,000,000
		1Б					**ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АДМИНИСТРАТИВНИ ЗГРАДИ НА ДРЖАВНИ ОРГАНИ**	**170,000,000**
			48				**Капитални расходи**	**170,000,000**
						482	Други градежни објекти	170,000,000
		30					**АВИО СЛУЖБА**	**10,500,000**
			42				**Стоки и услуги**	**10,500,000**
						420	Патни и дневни расходи	1,500,000
						424	Поправки и тековно одржување	5,000,000

							Опис	Намалување
						425	Договорни услуги	4,000,000
04003	**СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО**							**156,000**
	20	**АДМИНИСТРАЦИЈА**						**156,000**
			40	**Плати и надоместоци**				**156,000**
						401	Основни плати	104,000
						402	Придонеси за социјално осигурување	52,000
04006	**ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**							**8,004,000**
	20	**ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО**						**8,004,000**
			40	**Плати и надоместоци**				**4,794,000**
						401	Основни плати	3,194,000
						402	Придонеси за социјално осигурување	1,600,000
			42	**Стоки и услуги**				**960,000**
						420	Патни и дневни расходи	300,000
						425	Договорни услуги	160,000
						426	Други тековни расходи	500,000
			46	**Субвенции и трансфери**				**1,500,000**
						464	Разни трансфери	1,500,000
			48	**Капитални расходи**				**750,000**
						480	Купување на опрема и машини	500,000
						483	Купување на мебел	250,000
04008	**АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА**							**1,829,000**
	20	**АДМИНИСТРАЦИЈА**						**1,829,000**
			40	**Плати и надоместоци**				**329,000**
						401	Основни плати	219,000
						402	Придонеси за социјално осигурување	110,000
			42	**Стоки и услуги**				**700,000**
						424	Поправки и тековно одржување	500,000
						425	Договорни услуги	200,000
			48	**Капитални расходи**				**800,000**
						486	Купување на возила	800,000
04009	**СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА**							**28,600,000**
	20	**СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА**						**15,132,000**
			42	**Стоки и услуги**				**5,500,000**
						420	Патни и дневни расходи	2,000,000
						421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	1,000,000
						425	Договорни услуги	1,500,000
						426	Други тековни расходи	1,000,000
			46	**Субвенции и трансфери**				**4,470,000**
						464	Разни трансфери	4,470,000
			48	**Капитални расходи**				**5,162,000**
						480	Купување на опрема и машини	2,212,000
						481	Градежни објекти	1,500,000
						483	Купување на мебел	650,000
						485	Вложувања и нефинансиски средства	800,000
	30	**ДИПЛОМАТСКИ И КОНЗУЛАРНИ ПРЕТСТАВНИШТВА**						**2,000,000**
			42	**Стоки и услуги**				**2,000,000**
						425	Договорни услуги	2,000,000
	50	**ЗАЈАКНУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОПСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА**						**10,074,000**
			42	**Стоки и услуги**				**8,074,000**
						420	Патни и дневни расходи	4,000,000
						425	Договорни услуги	3,574,000
						426	Други тековни расходи	500,000
			48	**Капитални расходи**				**2,000,000**
						480	Купување на опрема и машини	2,000,000
	60	**ЦЕНТАР ЗА ОБУКИ**						**1,394,000**
			42	**Стоки и услуги**				**1,344,000**
						420	Патни и дневни расходи	744,000
						425	Договорни услуги	500,000
						426	Други тековни расходи	100,000

							Опис	Намалување
				48			**Капитални расходи**	**50,000**
						485	Вложувања и нефинансиски средства	50,000
04010	**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ И ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ**							**15,215,000**
		10					**АДМИНИСТРАЦИЈА**	**4,015,000**
				40			**Плати и надоместоци**	**375,000**
						401	Основни плати	250,000
						402	Придонеси за социјално осигурување	125,000
				42			**Стоки и услуги**	**3,050,000**
						420	Патни и дневни расходи	1,650,000
						427	Привремени вработувања	1,400,000
				48			**Капитални расходи**	**590,000**
